Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 февруари 2020 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за утврдување на категорија на угостителски објект

1. Со ова решение се утврдува дека угостителскиот објект хотел Интернационал, Велес со седиште на ул. 8-ми Септември бр. 40 Велес ги исполнува условите за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди супериор, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија.

### Образложение

ДУТУ ХОТЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Велес со седиште на ул. 8-ми Септември бр.40 Велес поднесе Барање бр.УП1 13-789 од 27.9.2019 година за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект хотел Интернационал, Велес, со седиште на ул. 8-ми Септември бр. 40 Велес, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителски објекти, постапувајќи по Барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр.УП1 13-789 од 31.10.2019 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од четврта категорија со две ѕвезди супериор пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност - Прилог 1 („Службен весник на Република Македонија" бр. 41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Македонија, на предлог на Комисијата за категоризација на угостителски објекти донесува решение за утврдување на категорија на угостителски објект.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект се издава со важност од три години.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

Бр. 44-1027/1
10 февруари 2020 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

**Оливер Спасовски**